***Република Северна Македонија***
***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ***
***СПИ.бр.3/22***
***07.03.2022 година***
***К а в а д а р ц и***

Врз основа на чл.20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (сл.весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за информација од јавен карактер од барателот А. Ј. од Б. ул.Н.Т.бр.. поднесено на 01.03.2022 година, Основниот суд Кавадарци на ден 07.03.2022 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од А.Ј. од Б., за пристап до инфомрации од јавен карактер за поднесени барања за поведување на прекршочна постапка по чл.228 од ЗБСП за 2020 и 2021 година , СЕ УВАЖУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од А. Ј.од Б., ул.Н. Т.бр.. имателот на информација Основен суд Кавадарци, Ви ја доставува следната информација:

1.Во 2020 година до Основен суд Кавадарци се поднесени вкупно 202 барања од МВР за поведување на прекршочна постапка по чл.228 од ЗБСП. По сите поднесени барања е донесена пресуда и тоа осудителни пресуди со глоба и со забрана за управување со моторно возило од соодветна категорија.

2. Во 2021 година до Основен суд Кавадарци се поднесени се вкупно 403 барања од МВР за поведување на прекршочна постапка по чл.228 од ЗБСП. По сите поднесени барања е донесена пресуда и тоа осудителни пресуди со глоба и со забрана за управување со моторно возило од соодветна категорија.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена, по приемот на решението.

Решено во Основен суд Кавадарци, СПИ.бр.3/22 од 07.03.2022 година.

По овластување на Претседателот на судот

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Сузана Димкова - Раководител на служба